Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 25.08.2021

На 24.08.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена засилена контрола во областа на сообраќајот, при што било констатирано дека 22 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената, 15 возачи управувале возило без возачка дозвола, две возила биле со измината регистрација, четири возачи управувале возило под дејство на алкохол и биле исклучени од сообраќај. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.
На 24.08.2021 во периодот од 17.00 до 23.00 часот Секторот за внатрешни работи Струмица презеде засилени мерки за санкционирање на прекршоци што ги чинат возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 25 возачи. Од нив 15 прекршоци биле за некористење на заштитен шлем, 6 за управување по измината важност на осигурителната полиса и 4 за управување без возачка потврда/возачка дозвола. За сите констатирани прекршоци биле изречени соодветни санкции.

На 24.08.2021 во 18.50 часот на автопатот Скопје -Тетово, во близина на наплатна рампа с.Глумово, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.Х.(21), К.Х.(23), двајцата од Тетово и Х.Е.(36) од с.Мала Речица, тетовско, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.08.2021 во 09.30 часот било пријавено дека на крстосницата од ул.„Самоилова“ и сервисна улица што ги поврзува ул.„Самоилова“ и ул.„Иљо Војвода“ во Скопје, патничко возило „цитроен Ц5“, со скопски регистарски ознаки, управувано од непознат возач, удрило во велосипед, управуван од Т.Т.(74) од Скопје и го напуштило местото на незгодата. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза“. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

На 24.08.2021 во 18.20 часот на Граничниот премин „Деве Баир“, при пасошка контрола на С.Б.(44) од Р.Турција, кој допатувал со патничко возило „бмв“, било констатирано дека возилото го управувал со фалсификувана возачка дозвола. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 24.08.2021 во 20.00 часот во Полициската станица Аеродром, Б.З.(29) од Гевгелија пријавила дека на ул.„23 Октомври“ била касната од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (24.08/25.08.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 85 прекршоци.
На 24.08.2021 на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола на мотоциклисти, во која вкупно биле откриени и законски санкционирани 38 прекршоци (ТЕ-19 и ГВ-19). Најголемиот број од прекршоците (26) се однесувале на неносење на заштитен шлем (ТЕ-12 и ГВ-14), додека 6 мотоциклисти (ТЕ-5 и ГВ-1) управувале без возачка дозвола, 4 (ГВ) со истечена осигурителна полиса, а 2 направиле други видови прекршоци. Сите прекршители се санкционирани со изготвување на соодветни поднесоци. Инаку, вчера на поширокото тетовско подрачје биле санкционирани уште 6 други лица кои управувале моторно возило, а не поседувале возачки дозволи, меѓу кои и еден малолетник.

На 24.08.2021 во 16.00 часот во Полициската станица Кочани, судијка во Основен суд Кочани пријавила дека при извршување службени дејствија, А.С. агресивно се однесувал и се обидел физички да ја нападне, но бил спречен од судскиот полицаец. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.08.2021 во 19.30 часот во СВР Скопје, Љ.Т.(67) од Скопје пријавил дека околу 18.30 часот на подрачјето на Аеродром, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против К.П.(49) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги психотропни супстанции и прекурсори“. На 05.02.2021, полициски службеници од ОВР Гостивар извршиле претрес во домот и помошни простории на пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин.

На 24.08.2021 во 20.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект во с.Сарај, З.Ш.(48) од с.Глумово, скопско, кој бил со уште три лица, испукал од пиштол кон неговиот шура Л.З.(47) од с.Ласкарци, скопско, со кого имале нарушени семејни односи и кон Н.С.(35) од с.Глумово, но не ги погодил, по што со трите лица физички го нападнале Н.С.(30) од с.Глумово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Т.М.(36) од с.Василево, струмичко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“. На 05.02.2021, полициски службеници од СВР Струмица извршиле претрес во дом и помошни простории на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана, амфетамин, хашиш смола, предмети со остатоци од амфетамин и семки од растението канабис.

На 24.08.2021 во 23.30 часот во СВР Скопје, Е.Б.(33) од Скопје пријавил дека, додека се движел пеш по сервисна улица помеѓу ул.„Македонско-косовска бригада“ и ул.„Џон Кенеди“, едно лице испукало неколку пати од пиштол кон него, но не го погодило. Полициски службеници излегле на местото и констатирале дека две зрна завршиле во угостителски објект, едно во објект на бензинска пумпа и едно во помошна просторија на пумпата. Повредени нема, а извршен бил увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против А.К.(29) од Берово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“. На 27.01.2021, полициски службеници од Полициската станица Берово извршиле претрес во дом и помошни простории кај пријавениот, при што пронашле и одзеле засадено растение канабис.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет